Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод “Промоција на Поткомитетот НАТО и бизнис заедницата во рамките на проектот МКД НАТО 2030”
19.12.2022 – Стопанска комора - Скопје

Почитувани претставници на бизнис заедницата,

НАТО не е само безбедност, туку НАТО претставува и економска шанса. Економијата е второто име на безбедноста и токму на тоа сме посветени како полноправна членка на НАТО. Државниот приоритет број треба да го искористиме и тој да стана државен успех број еден.

Како држава изодевме долг пат во реализацијата на оваа стратешка цел, полноправно членство во НАТО; се соочувавме со бројни тешкотии, неизвесности но и специфични предизвици. Но, и покрај сѐ, демонстриравме доследност и континуитет во нашите заложби и исполнувањето на обврските. Проблемите ги претваравме во решенија, од примател станавме извозник на безбедност, моментите на несигурност ги победивме со повеќе демократија и не дозволивме фрустрацијата од „седењето во чекалната на НАТО“ да нѐ поколеба.

Членството во НАТО како најголем воено политички сојуз е од огромно значење од повеќе аспекти, но јас ќе споменам само два, безбедност на политичкиот и економскиот. За безбедност на политичкиот во оваа прилика нема многу да зборувам изминатиот период зборувавме на разни форуми и она што и господинот Пешев го напомена, а тоа е за патот на странските директни инвестиции може да не е толку наеднаш видлив, но барем не заминувањето оттука е резултат токму на таа политичка безбедност.

Ние сме НАТО, и сега, како дел од евроатлантското семејство, сите нејзини земји членки ја прифаќаат Република Северна Македонија како доверлив и достоинствен партнер во носењето и на одлуките и во спроведувањето. Таа позиција треба да ја искористиме и за економскиот сектор. Токму затоа Министерството за одбрана и Центарот за поддршка на компаниите при настап на НАТО пазарот се ваши партнери кои ќе ви помогнат со сите информации и знаења кои ги имаме да ви ја олеснат процедурата и да ви помогнат во исполнување на условите, со цел да учествувате токму во набавките на НАТО пазарот, да станете деловни партнери на најголемата воена алијанса во светот. До сега во постапка за регистрација за учество на НАТО јавните набавки ја имаат направено 23 компании, но апсолутно, затоа и дојдов денес тука за да ве охрабрам и сите заедно тој

број да го зголемиме, затоа што така ќе ги искористиме овие можности, а ќе допридонесеме за јакнење на економијата во државата.

Станува збор за навистина компетитивен пазар којшто не треба да ни претставува пречка, туку да ни биде дополнителен мотив да бидеме подобри, поефикасни и поквалитетни.

Центарот кој во моментов функционира во Министерството за одбрана мора да се искористи. Наша цел е да им помагаме на компаниите првенствено да извршат регистрација во НАТО агенциите, а потоа и да добијат пристап до објавените тендери. Центарот е во функција на пренесување на научените лекции за успешно аплицирање на тендери, како и за поврзување на македонските компании со светските гиганти кои веќе имаат активни договори со НАТО агенциите, а имаат и потреба од добавувачи.

Ова се потенцијали за дополнително раздвижување на нашата економија, затоа што спектарот за потреби на НАТО Алијансата е навистина широк. Се работи за различен вид на набавки, а за огромен дел од тие потреби, во нашата земја има компании кои што навистина можат да одговорат и со квантитет и со квалитет.

Со членството во НАТО, навистина се создаде една голема можност компаниите од нашата земја да учествуваат во нивните тендерски постапки и се овозможува нашите компании да понудат производи кои би можеле да ги задоволат потребите на НАТО алијансата. Се работи за навистина еден значителен буџет, којшто се мери во милијарди евра, којшто стојат на располагање на нашите компании да учествуваат како и сите други компании во светот. Во нашата земја имаме големо производство, а и вие тоа го знаете кое може да биде понудени, пред се во делот на прехранбената, текстилната, метална индустрија, меѓутоа и во делот на пропратните логистички потреби.

Огромни можности се отвораат и за компаниите од информатичкото општество и тие да бидат изведувачи или подизведувачи на различни софтверски и други компјутерски решенија кои се побаруваат.

Токму поради тоа е и денешната средба со вас да го означиме официјално почетокот на Поткомитетот кој досега веќе имаше неколку средби во кој учествуваат претставници од повеќе сфери кои дополнително ќе придонесат за градење на алатки, механизми и постапки преку кои ќе се пренесат научените лекции за успешно аплицирање на тендери, како и поврзување на македонските компании со поголеми гиганти кои веќе имаат активни договори со НАТО агенциите.

Можеби многу оптимистички од моја страна како некој што не доаѓа директно од економската област, но јас навистина верувам дека македонските компании имаат и потенцијал и капацитет. Се согласувам господин Пешев дека заедно треба да ги подобриме постапките, ќе треба да им помогнеме на компаниите да се и реструктуираат и можеби и модернизираат во одреден дел меѓутоа апсолутно сметам дека постои потенцијал кој може да го ставиме во функција на ова што сега го зборуваме, затоа што идејата на Министерството за одбрана и на мене како министерка е покрај тоа што редовно добиваме средства од буџетот, а буџетот го полните сите вие и сите граѓани со ваков тип на активности да воспоставиме едно партнерство кое што повторно велиме ќе имате и вие, меѓутоа ќе има и државата. Интензивирањето на оваа соработка и вашето се понагласено присуство на НАТО пазарот ќе ни овозможи и на нас поголеми профити и подобри услови за работа, а тоа ќе значи отворање на нови работни места.
И како што кажав идејата на овој подкомитет е да биде главен двигател на сето она што го кажав. Јас ветувам дека нема да бидам само дел од она клише да присуствувам на состаноци, за да читам говори или да презентирам, со задоволство ќе ги читам извештаите од работата на овој подкомитет и ве уверувам дека ќе се залагам во рамките на Владата за нивна имплементација и реализација.
Ви благодарам!